# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 278** **23 ноември 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3740. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународната возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, како и формата и содржината на образецот на меѓународната возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство........................................... | 2 |
| 3741. | **Правилник** за формата и содржината на евиденциите за откупени и обработени количини на тутун, начинот на водењето и доставувањето на евиденциите.................................. | 2 |
| 3742. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт.............. | 6 |
| 3743. | **Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија......... | 8 |
| 3744. | **Решение** за стекнување на статус на повластен производител.............. | 10 |
| 3745. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија................ | 11 |
| 3746. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала................................................ | 11 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-68** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**3740.**

Врз основа на член 394 алинеја 17 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО СТРАНСТВО, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ОДОБРЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО СТРАНСТВО**

Член 1

Во Правилникот за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународната возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, како и формата и содржината на образецот на меѓународната возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/20), во член 1 зборовите: „1 октомври 2020 година“ се заменуваат со зборовите: „1 февруари 2021 година“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-89930/1
16 ноември 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**3741.**

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 27/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА ОТКУПЕНИ И ОБРАБОТЕНИ КОЛИЧИНИ НА ТУТУН, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО И ДОСТАВУВАЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденциите за откупени и обработени количини на тутун, начинот на водењето, како и доставувањето на евиденциите.

Член 2

Евиденцијата за откупените и евиденцијата за обработените количини на тутун се водат во електронска или пишана форма.

Член 3

Евиденцијата за вкупно откупените количини на тутун откупувачот ја води на годишно ниво за откупените количини тутун од тековната реколта преку информативен систем за евиденција на тутун (во понатамошен текст: ИСЕТ).

Дневната евиденција за откупените количини на тутун од претходниот ден се води во тековниот а најдоцна наредниот ден до 12 часот преку ИСЕТ.

Евиденцијата за обработените количини на тутун се води еднаш месечно, за обработените количини во претходниот месец.

Член 4

Формата и содржината на евиденцијата за вкупно откупените количини на тутун од член 3 став 1 на овој правилник се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Формата и содржината на дневната евиденција за откупените количини на тутун од член 3 став 2 на овој правилник се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Формата и содржината на евиденцијата за обработените количини на тутун од член 3 став 3 на овој правилник се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водењето, доставувањето на евиденцијата и формата и содржината на образецот на евиденцијата за откупените и обработените количини на тутун („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/11, 11/12, 52/14 и 183/15).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.29 -6593/4
18 ноември 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.

Прилог 1

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ВКУПНО ОТКУПЕНИ КОЛИЧИНИ НА ТУТУН

## Е В И Д Е Н Ц И Ј А

за ВКУПНО ГОДИШНО извршен откуп на суров тутун во лист од РЕКОЛТА ____година

Назив на правното лице____________________

| Класа | Јака | | Џебел | | Прилеп | | Басмак | | Отља | | Вирџинија | | Берлеј | | Вкупна количина за класа во кгр. | Пондер цена за класа во ден/кгр.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | | |
| Ориенталски Ароматични тутуни | | | | | | | | | Полуориенталски Ароматичен тутун | | Крупнолисни тутуни | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ориенталски Дополнителни тутуни | | | | | | | | | | | | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно дополнит. во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Мувлив во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупна вредност на откупениот тутун | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Просечна откупна цена по кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатен тутун | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во денари | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во % | | | | | | | | | | | | | | | | |

*Вредноста од колоната „вкупна количина за класа во кгр." се дели со собирот од сите цени во класата.

Датум

______________

Потпис на одговорно лице
во правното лице

______________________

М.П.*

*Печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговски друштва

Прилог 2

# ДНЕВНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОТКУПЕНИ КОЛИЧИНИ НА ТУТУН

## ЕВИДЕНЦИЈА

за ДНЕВНО извршен откуп на суров тутун во лист од РЕКОЛТА ____година

дата: ___ .___ . ________

Назив на правно лице____________________

| Класа | Јака | | Џебел | | Прилеп | | Басмак | | Отља | | Вирџинија | | Берлеј | | Вкупна количина за класа во кгр. | Пондер цена за класа во ден/кгр.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | | |
| | Ориенталски ароматични тутуни | | | | | | | | Полуориенталски ароматичен тутун | | Крупнолисни тутуни | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ориенталски Дополнителни тутуни | | | | | | | | | | | | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно дополнит. во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Мувлив во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО во кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупна вредност на откупениот тутун | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Просечна откупна цена по кгр. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатен тутун | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во денари | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во % | | | | | | | | | | | | | | | | |

*Вредноста од колоната „вкупна количина за класа во кгр." се дели со собирот од сите цени во класата

Датум и време

___________

Потпис на одговорно лице
во правното лице

________________________

М.П.*

*Печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговски друштва

Прилог 3

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОБРАБОТЕНИ КОЛИЧИНИ НА ТУТУН

### Е В И Д Е Н Ц И Ј А

за обработен тутун од берба од ___________ година за месец __________

Назив на правно лице______________________

| Ред. Бр. | Тип на тутун | Обработен суров тутун во кгр. за ____ месец | Обработен суров тутун, откупен од друг откупувач во кгр. | Вкупно обработен тутун во кгр. (кумулативно) за __, __, __ месец | Кало во кгр. | Готов производ во кгр. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прилеп | | | | | |
| 2. | Јака | | | | | |
| 3. | Џебел | | | | | |
| 4. | Басмак | | | | | |
| 5. | Отља | | | | | |
| 6. | Вирџинија | | | | | |
| 7. | Берлеј | | | | | |
| 8. | Друг тутун* | | | | | |
| Вкупно: | | | | | | |

* се наведува типот

Датум

_______

Потпис на одговорно лице
во правното лице

_____________________

М.П.*

*Печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговски друштва.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3742.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19), член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на Република Северна Македонија ” бр. 108/20 и 133/20) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот Р за премија, транспортните трошоци Т до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/20) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23.11.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 59,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 61,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 51,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 51,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 27,481 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 18,367 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 20,023 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 18,766 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 18,814 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 19,899 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,645 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,684 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,677 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,619 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,500 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 24,692 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 24,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 18,121 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 18,121 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 24.11.2020 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-2353/1
23 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 16 dhe nenit 149 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 8 të Rregullores së Formulimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe të Lëndëve Djegëse të Transportit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 108/20 dhe 133/20) dhe të Vendimit të Përcaktimit të Dendësisë së Përshkallëzuar $\rho_e$ dhe Dendësisë së Pashkallëzuar $\rho_d$ të secilit derivat të naftës dhe të lëndës djegëse të transportit, shumës së kompensimit P për premi, shpenzimet e transportit T, deri te depozita në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe shumën e kompensimit D të shpenzimeve të punës, përmes depozitës dhe marzhës tregtare me shpenzime të përfshira të transportit nga depozita, deri te stacionet e benzinës dhe te konsumatorët e fundit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 253/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 23.11.2020, miratoi

**V E N D I M**
**TË PËRCAKTIMIT TË ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE TË LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT**

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit janë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 59,50 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 61,50 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 51,50 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 51,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 27,481 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe ata me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, mund të formulojnë çmime edhe më të ulëta të derivateve të ndryshme të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, se çmimet më të larta të përcaktuara sipas paragrafit (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas paragrafit (1) të këtij neni, përveç çmimit të mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacionet e pompimit, ndërkaq çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për deponime franko të tregtarit me shumicë të derivate të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit brenda vendit.

(4) Te çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas këtij neni, përfshihet edhe tatimi i vlerës së shtuar sipas Ligjit të Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, janë përfshirë edhe çmimet më të larta të blerjes, të cilat arrijnë vlerën prej:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 18,367 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 20,023 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 18,766 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 18,814 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 19,899 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i shpenzimeve të punës, nëpërmjet depos dhe marzhës tregtare, që për Eurosuperin BS-95 është 5,645 denarë/litër, për Eurosuperin BS-98 është 5,684 denarë/litër, për Eurodizelin BS (D-E V) është 5,677

denarë/litër, për Ekstra të Lehtin 1 (EL-1) është 5,619 denarë/litër, ndërkaq për Mazutin M-1 SU kompensimi është 2,500 denarë/kilogram.

Neni 4

Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshijnë edhe kompensimin e shpenzimeve të transportit, nga depoja te pompat e benzinës, në vlerë prej 0,75 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të vërtetuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është i përfshirë edhe kompensimi i financimit të aktiviteteve të fushës së mjedisit jetësor, që sipas nenit 184, paragrafi 2, nënpika 2 të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i rezervave të detyrueshme të naftës dhe të derivateve të naftës, të cilin në pajtueshmëri me nenin 24, paragrafi (3) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave, kanë këtë vlerë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 95 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Naftë motori – EURODIZEL BS (D-E V) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Vaj djegieje – EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi ditën e sjelljes së tij, ndërkaq do të fillojë të zbatohet nga ora 00:01 e datës 24.11.2020 dhe do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" edhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 02-2353/1
23.11.2020
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të
Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

---

**3743.**

Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 18 и член 191 став (10) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 16 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од хидроелектроцентралата МХЕ „Тополка со реф. бр. 315".

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.30, Скопје-Центар.

3. Податоци за електроцентралата:

- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-209,
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ „Тополка со реф. бр. 315",
- податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.1169/8 КО Долно Јаболчиште и КП бр.359/4 КО Дреново, општина Чашка,
- инсталирана моќност на електроцентралата: 2.160 kW (една генераторска единица со моќност од 2.160 kW),
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 5.356.380 kWh.

4. Повластениот производител ќе ја користи повластена тарифа која што важела на денот на донесувањe на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата МХЕ „Тополка со реф. бр. 315", УП1 бр. 08-138/15 од 20.10.2015 година, односно се одобрува користење на повластените тарифи за одделните блокови, според следната табела:

| Блок | Количина на испорачана електрична енергија по блокови (kWh) | Повластена тарифа за испорачаната електрична енергија по блокови (€¢/kWh) |
|---|---|---|
| I | ≤ 85.000 | 12,00 |
| II | > 85.000 и ≤ 170.000 | 8,00 |
| III | > 170.000 и ≤ 350.000 | 6,00 |
| IV | > 350.000 и ≤ 700.000 | 5,00 |
| V | > 700.000 | 4,50 |

5. Користењето на повластената тарифа од точка 4 на оваа одука ќе трае 20 години започнувајќи со денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

6. Оваа одлука да се достави до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Оваа одлука влегува во сила седмиот ден од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 08-181/20
19 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 18 dhe nenit 191 paragrafi (10) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 16 të Rregullores së Prodhuesve Preferencial, që Përdorin Tarifë Preferenciale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 116/19), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 19 nëntor 2020, mori

## V E N D I M
## TË PËRDORIMIT TË TARIFËS PREFERENCIALE TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve HCEV TOPOLKI SHPK Shkup, i miratohet përdorimi i tarifës preferenciale të energjisë elektrike të prodhuar nga hidrocentrali elektrik HCEV "Topolka me nr. ref. 315".

2. Të dhëna për bartësin e këtij vendimi:

- emri i selisë: Shoqëria e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve HCEV TOPOLKI SHPK Shkup, me seli në bul. "Shën Klimenti i Ohrit" nr. 30, Shkup - Qendër.

3. Të dhënat për centralin elektrik:

- numri unik i regjistrimit të centralit elektrik: PP-SH-209;
- emri e centralit elektrik: hidrocentrali elektrik HCV "Topolka me nr. ref. 315",
- Të dhënat e lokacionit të centralit elektrik: në PK nr.1169/8 KK Jabollçishtë e Poshtme dhe PK nr.359/4 KK Drenovë, komuna e Çashkës,
- fuqia e instaluar e centralit elektrik: 2.160 kW (një njësi gjeneruese me fuqi prej 2.160 kW),
- prodhimi i planifikuar vjetor i energjisë elektrike nga centrali elektrik: 5.356.380 kWh.

4. Prodhuesi preferencial që do ta përdorë tarifën preferenciale, e cila ka qenë e vlefshme në ditën e miratimit të Aktvendimit të Marrjes së Statusit të Përkohshëm të Prodhuesit Preferencial të Energjisë Elektrike të Prodhuar nga Burimet e Rinovueshme të Energjisë për Hidrocentralin Elektrik HCEV "TOPOLKA me nr. ref. 315", PA1 nr. 08-138/15 datë 20.10.2015, përkatësisht miratohet përdorimi i tarifave preferenciale për blloqet e posaçme, sipas tabelës në vijim:

| Blloku | Sasia e energjisë elektrike të dorëzuar sipas blloqeve (kWh) | Tarifa preferenciale e energjisë elektrike të dorëzuar sipas blloqeve (€¢/kWh) |
|---|---|---|
| I | ≤ 85.000 | 12,00 |
| II | > 85.000 и ≤ 170.000 | 8,00 |
| III | > 170.000 и ≤ 350.000 | 6,00 |
| IV | > 350.000 и ≤ 700.000 | 5,00 |
| V | > 700 000 | 4,50 |

5. Përdorimi i tarifës preferenciale nga pika 4 e këtij vendimi do të zgjasë 20 vite duke filluar nga dita e hyrjes në fuqi e këtij vendimi.

6. Ky vendim të dërgohet deri te parashtruesi, Ministria e Ekonomisë, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe e Planifikimit Hapësinor, Agjencia e Energjetikës e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Operatori i Tregut të Energjisë Elektrike dhe Operatori i Sistemit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

7. Ky vendim hyn në fuqi ditën e shtatë të miratimit të tij, ndërkaq botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 08-181/20
19 nëntor 2020
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të
Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

**3743.**

Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191 став (10) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 16 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕ „Тополка со реф. бр. 315”.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ТОПОЛКИ ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.30, Скопје-Центар.

3. Податоци за електроцентралата:

- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-209,
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ „Тополка со реф. бр. 315”,
- податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.1169/8 КО Долно Јаболчиште и КП бр.359/4 КО Дреново, општина Чашка,
- инсталирана моќност на електроцентралата: 2.160 kW (една генераторска единица со моќност од 2.160 kW) и
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 5.356.380 kWh.

4. Ова решение престанува да важи на 26 ноември 2040 година.

5. Ова решение да се достави до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

6. Ова решение влегува во сила седмиот ден од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 08-180/20
19 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 21 dhe nenit 191 paragrafi (10) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 96/19) dhe nenit 16 të Rregullores së Prodhuesve Preferencial, që Përdorin Tarifë Preferenciale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 116/19), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 19 nëntor 2020, miratoi

**A K T V E N D I M**
**TË MARRJES SË STATUSIT TË PRODHUESIT PREFERENCIAL**

1. Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve HCEV TOPOLKI SHPK Shkup, i jepet Aktvendim i Marrjes së Statusit të Prodhuesit Preferencial për hidrocentralin elektrik HCEV "Topolka me nr. ref. 315”.

2. Të dhëna për bartësin e aktvendimit:

- emri i selisë: Shoqëria e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve HCEV TOPOLKI SHPK Shkup, me seli në bul. “Shën Klimenti i Ohrit” nr. 30, Shkup - Qendër.

3. Të dhënat për centralin elektrik:

- numri unik i regjistrimit të centralit elektrik: PP-SH-209;
- emri e centralit elektrik: hidrocentrali elektrik HCV "Topolka me nr. ref. 315”,
- Të dhënat për lokacionin e centralit elektrik: në PK nr.1169/8 KK Jabollçishtë e Poshtme dhe PK nr.359/4 KK Drenovë, komuna e Çashkës,
- fuqia e instaluar e centralit elektrik: 2.160 kW (një njësi gjeneruese me fuqi prej 2.160 kW) dhe
- prodhimi i planifikuar vjetor i energjisë elektrike nga centrali elektrik: 5.356.380 kWh.

4. Ky aktvendim nuk do të vlejë më nga data 26 nëntor 2040.

5. Ky aktvendim të dërgohet deri te parashtruesi, Ministria e Ekonomisë, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe e Planifikimit Hapësinor, Agjencia e Energjetikës e Republikës së Maqedonisë së Veriut, Operatori i Tregut të Energjisë Elektrike dhe Operatori i Sistemit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

6. Ky aktvendim hyn në fuqi ditën e shtatë të miratimit të tij, ndërkaq botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 08-180/20
19 nëntor 2020
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3745.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Северна Македонија" број 130/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 октомври 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 18/2004, 76/2004, 56/2006, 61/2006, 1/2007, 62/2007, 115/2007, 132/2007, 14/2008, 37/2008, 132/2008, 88/2009, 131/2009, 16/2010, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 151/2013, 10/2014, 189/2014, 167/2016, 129/2018, 228/2018, 10/2019, 44/2019, „Службен весник на Република Северна Македонија" број 82/2019, 222/2019, 239/2019 и 31/2020), во член 2, во делот од табелата со редниот број 31В во колоната „Назив на помагалото, материјал, резервни делови" зборовите „Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација" се заменуваат со зборовите „Пневматско колено со микропроцесорска регулација".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13293/8
21 октомври 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.

**3746.**

Врз основа на член  член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна  Македонија на седницата одржана на 19 октомври 2020 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала  („Сл. весник на РМ" бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 82/2019, 222/2019, 239/2019 и 31/2020), во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ, за ортопедското помагало вид 1, шифра 1316, во колоната „Назив на помагалото, материјал, резервни делови" зборовите „Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација" се заменуваат со зборовите „Пневматско колено со микропроцесорска регулација".

Член 2

Во шифрарникот на ортопедски помагала, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ, за ортопедското помагало вид 1, шифра 1316, во колоната „Назив на помагалото, материјал, резервни делови, потрошен материјал" зборовите „Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација" се заменуваат со зборовите „Пневматско колено со микропроцесорска регулација".

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13293/11
21 октомври 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

ISSN 0354-1622

2020278